[redacted]

До: Општина Демир Хисар

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**I ФИНАНСИРАЊЕ на одредите од Законот за младинско учество и младински политики**

1.1 Дали од ставката 463 (трансфер до НВО) општината има поддржано форми на младинско организирање?

1.2 Дали општината има реализирано финансиски средства за млади за 2024 година? Доколку да, **колку** и за што се реализирани средствата?

1.3 Дали општината има одвоено и реализирано финансиска поддршка за младинскиот центар и за активности на центарот во 2024 година? Доколку да, колку?

1.4 Дали општината има одвоено и реализирано финансиски средства на локалниот младински совет во 2024 година? Доколку да, колку?

1.5 Дали општината има планирано финансиски средства за млади, во буџетот за 2025 година. Доколку да, колку и за што се планирани средствата?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил –** [redacted]
д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е [redacted] еде дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер [redacted]

**Во Скопје, 25.12.2024 година**

**Датум:** 27.12.2024

**ДО:** [redacted]

[redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 03-79/2 од 25.12.2024 ваш број, 18-1229/1, 26.12.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 25.12.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со финансирање на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво,се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со финансирање на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 25.12.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 26.12.2024 година под архивски број 18-1229/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 27.12.2024 година, под бр. 18-1229/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

____________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1. Во ставката 463-Субвенции и трансфери во Буџетот за 2024 година беа предвидени 1.000.000 денари по разни основи, од кои дел беа употребени за разни типови на младинско организирање.
2. Од ставката 463-Субвенции и трансфери, во 2024 година се потрошени 1.000.000 денари, од кои дел се искористени за млади, поконкретно за поддршка на спортски клубови, спортски и културни манифестации.
3. Нема реализирано финансиска поддршка за младински центар за 2024 година,со оглед на тоа дека сеуште не е формиран.
4. Нема реализирано финансиска поддршка за локален младински совет за 2024 година,
5. Во ставката 463-Субвенции и трансфери во Буџетот за 2025 година се предвидени 400.000 денари по разни основи, од кои дел може да бидат употребени за разни типови на младинско организирање

**По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Игор Дамјаноски,**
**раководител на одделение за управување со човечки ресурси**

**---------------------------------------**